**ИЗВЕШТАЈ**
**од јавна расправа по Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата**

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16,113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21) како и Извадокот од Нацрт-Записникот од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 17.11.2020), точка 51 – Информација за потребата од прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природата, а во согласност со заклучокот 2, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Општина Охрид на 23.02.2022 година во големата сала на Општина Охрид, одржа Јавна расправа по Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата.

Поради актуелната ситуација со пандемијата предизвикана од COVID 19 јавната расправа беше организирана на хибриден начин со физичко учество на заинтересираните страни on line на ЗООМ платформата.

На јавната раправа со физичко присуство учествуваа 69 учесници од различни државни органи, научни и стручни институции, невладини организации, здриженија на граѓани, сопственици на имоти на просторот на локалитетот Студенчишко Блато  и други физички лица. Исто така преку ЗООМ платформата на јавната расправа земаа учество околу 20 учесници од различни државни органи и институции

Согласно член 95 став (3) од Законот за заштита на природата јавната расправа се одржува на подрачје на општина на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје. Имајќи го во предвид наведеното и фактот дека Општина Охрид е предложена да управува со идното заштитено подрачје, Парк на природа - Студенчишко Блато, оттука и оправданоста за одржување на јавната расправа во Охрид.

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Општина Охрид.
Јавната расправа ја отвори и водеше модератор од Општина Охрид, кој го претстави дневниот ред на јавната расправа и начинот на нејзиното водење. Модераторот наведе дека учесницвите во јавната расправа согласно Законот за заштита на природата во рок од десет работни денови по одржување на јавната расправа по писмен пат и електронски до МЖСПП можат да достават свои забелешки  по однос на Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за

парк на природат.

Следуваше обраќање на Градоначалник на Општина Охрид кој хронолошки се осврна на комуникацијата со МЖСПП и сопстениците на имоти на просторот на идното заштитено подрачје. Тој ја исткана важноста од прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје и потребата оза комуникација со засегнатите страни.

Преставник од експертски тим, професор на Институт за биологија на Природно-математички факултет во својство на изготвувач на Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020) одржа презентација за природни вредности, категоријата на заштита, предлог граници и предлог зони на Парк на природа - Студенчишко Блато, со посебен осврт на биолошката разновидност и живеалиштата на блатото и потребните мерки за реставрација. Тој истакна дека во изготвувањето на Студија бил вклучен експертскиот тим од научни институции, вклучително и експерти од Јавната научна установа-Хидробиолошки завод од Охрид за поедини таксоноимски групи (алги, флора, риби, птици, херпетофауна, хидрологија, безрбетници-макроинвертебрати и микро-инвертебрати, за хемизам за води и социоиекономски аспекти). Исто така е посочено дека Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020) е во согласност со Правилникот за содржина на Студијата за валоризација или ревалоризација на заштитено подрачје (Службен весник на РМ. Бр.26/12). Студијата ги почитува сите стратешки документи, меѓунаридни конвенции, ратификувани од РСМ, урбанистичко-планска документација и др.

Претставникот од МЖСПП, Сектор за природа ги презентираше одредбите од Законот за заштита на природата, кои се однесуваат на заштитени подрачја, како и категоризацијата на заштитени подрачја согласно Меѓународната унија за заштуита на природата (ИУЦН). Во понатамошниот дел од презентацијата беше посочена хронологијата за досегашните активности на МЖСПП во постапката за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје и беше презентирана содржината на Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата. Во однос на идните активности е истакнато дека по прогласувањето на заштитено подрачје Студенчишко Блато идниот управувач, односно Општина Охрид согласно Законот за заштита на природата има обврска да изготви План за управување со заштитеното подрачје, во кој ќе се дефинираат дозволените и забранетите активности по зони. Донесувањето на Планот за управување е транспарентен процес кој вклучува учество на јавноста преку организирање на посебна јавна расправа.

Во рамки на дискусијата напрво се обрати преставник на дел од сопствениците на имоти во границите на идното заштитено подрачје Студенчишко Блато, истакнувајќи дека заедничкиот став на сопствениците на приватни имоти е

дека генерално го подржуват Законот за прогласување на Студенчичко Блато за Парк на природа и заштитата на биодиверзитет и неговата ревитализација. Тој истакна дека бараат да се одржат вредностите на приватните имоти и да се обезбеди нивно одржливо користење, а 99% од приватните имоти со во предлог -зоната за одржливо користење

Од страна на МЖСПП е истакнато дека при координативните состаноци со преставник на дел од сопствениците на имоти во границите на идното заштитено подрачје Студенчишко Блато, а на јавната расправа беше потврдено дека во текот на изработката на Планот за управување, кој ќе биде транспарентен процес ќе бидат вклучени засегнатите страни, помеѓу кои и сопствениците на приватни имоти и ќе бидат дефинирани дозволените и забранетите активности по зони, а со тоа и за зоната за одржливо користење.
Со Решението за привремена заштита на Студенчишко Блато (Службен весник на РСМ бр.164/21) се воспоставени многу построги мерки за заштита и органичувања во однос на Студенчишко Блато.
Согласно Решението за привремена заштита на Студенчишко Блато, за времетраењето на привремената заштита на подрачјето нема да се спроведуваат активности од постоечкиот ГУП на градот Охрид во делот на Урбана Заедница – УЗ 17, Урбан блок –

У.Б 17.1, како и изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти, урбанистички проекти за партерно уредување на просторот, спровдување на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, спроведување на постапка за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште, одлагање на шут и комунален отпад, употреба на хемиски заштитни средства и минерални ѓубрива за земјоделски активности, доделување на нови или продолжување на постоечките концесии согласно прописите за концесии и јавно приватно партнерство, прописите за градежно земјиште, како и прописите од обласста на лов и риболов и проширување или изградба на нови патишта.

Со донесување на Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата ќе се воспостават трите зони кои имаат различен степен на заштита, со што ќе се овозможи заштитата на природните вредности. Со планот за управување ќе се дефинираат дозволените и забранети активности по зони. Затоа е потребно да се поддржи донесување на Законот за прогласување на Студенчишко Блато. Беше истакнато дека прогласувањето на едно подрачје за заштитено на никој начин не задира во сопственичките права кои се уставно заштитена категорија. При зонирањето на паркот, кое се врши согласно Законот за заштита на природата, предвидено е приватните имоти да се наоѓаат во зоната за одржливо користење со цел слободно ползување од страна на сопствениците.

МЖСПП истакна дека Планот за управување ќе биде изготвен по прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во согласност со Правилникот  за содржина на планови за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природат. Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата има своја структура, која опаѓа граници, зони и треба да даде образложение зошто едно подрачје треба да биде прогласено за заштитено. Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата произлегува од Законот за заштита на природата, кој е lex specialis и истиот дозволува примена на другите закони како што се Законот за животна средина, води, урбанистичко планирање и др.  Студенчишкото Блато е осетливо подрачје, бидејќи покрај националното има и меѓународно значење како дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион (УНЕСКО) и истото е номинирано како Рамсар место во согласност со Рамсарската конвенција.

Преставникот од Деконс Ема визготвувач на Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020) заедно со експертскиот тим истакна дека катастарските парцели биле добиени од општина Охрид и дека праватната сопственост е неприкосновена. Имотно правните односи не се регулираат со Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата, туку овој закон се однесува на прогласување на подрачјето за заштитено и обезбедување на заштита на биодиврзитетот и живеалиштата.

Од еколошко друштво Грашница е истакнато дека ја подржува иницијатива за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје и побара пристап на пат и изградба на каналите за поврзување со Охридско Езеро.

Од Еколошко друштво Фронт 21/42 од Скопје беше устакнато дека имаат повеќе забелешки по однос на зонирањето и недостасува заштитен појас околу блатото и дека Студенчишко Блато е Рамсарско подрајче и треба да се почитуват сите документи на Рамсарска конвенција.
Модераторот  наведе дека сите забелешки можат да ги достават по писмен пат и електронски до МЖСПП во рок од десет работни денови по одржување на јаввната расправа. На оваа забелешка преставник од експертски тим како изготвувач на Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020) истакна дека заштитен појас не е неопходна работа бидејќи Студенчипшко Блато се граничи со заштитени подрајча, на едно управувач е општина Охрид , а на другото Јавната установа Национален парк Галичица така да соработка и заштитата со овие две заштитени подрачја може да се остварува. Приоритет е да се прогласи Студенчишко Блато за заштитено подрачје. Зонирањето не е префектно, така што предлогот за прогласување претставува  компромис меѓу целите за заштита на природата засегнати страни.

Преку ZOOM платформа преставник од иницијативата SOS го цитираше член 30 од уставот на државата според кој сопственоста и правата може да бидат ограничани само кога се работи за јавен интерес утврден со закон и упати на членот 2 од Закон за заштита на природа со кој е пропишано дека заштита на природа преставува дејност од јавен интерес.
Преставник од Албанија истакна дека Охридско Езеро не може да биде заштитено ако не се соработува со албанска страна и да се помогне да го постигнеме статусот што го имавме за Охридското Езеро и истото да не биде вклучено на Листа на загрозени подрачја на УНЕСКО. Албански и македонски невладини организации имат формирано унија што сакаат да соработуват за една цел да се заштити сливот на Охридското Езеро

МЖСПП 25.02.2022 год.

**Листа на доставени забелешки и мислења од јавноста**

| Бр. | **Лица од кои се доставени предлози, коментари и забелешки** | **Забелешка/Предлог** | **Прифатливост на предлогот** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Граѓанска иницијатива СОС, Охрид** | 1.1 Генерално, Нацрт - законот за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија Парк на природата го оценуваме како сосема несоодветен за предложеното подрачје за заштита и сметаме дека истиот ќе значи само про-форма заштита која не само што нема да обезбеди трајна заштита на Блатото, туку ќе стане рамка за легитимизација на штетни активности во неговите | 1.1 Основен законски пропис со кој се регулира постапката за прогласување на заштитени подрачја е Законот за заштита на природата (“Службен весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21) .<br>Согласно член 92 став 1 од овој закон, Парк на природа се прогласува за заштитено подрачје со закон. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | граници. Нацрт - законот за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија Парк на природата е неприфатлив во неговата нацрт - верзија бидејќи не ги задоволува критериумите на интегрална заштита на Студенчишко Блато како еколошки исклучително подрачје. | Прогласувањето на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природа преставува обврска од националната легислатива за заштита на природа: Закон за заштита на природата, Просторен План на државата., Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) ,Националната стратегија за биолошка разновиднос т со Акциски План за период (2018-2023) и Одлука на Владата на Република Северна Македонија за прифатливоста на предлогот за прогласување локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија та Парк на природа.<br>Во согласност со член 92 став (5) од Законот за заштита на природата заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето. Во врска со горенаведеното за оправданоста од прогласувањето на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје изработена е |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020). Студијата е изработена во согласност со одредбите на Законот за заштита на природата и Правилникот за содржина на студијата за валоризација или ревалоризација на защтитено подрачје („Службен весник на Република Македонија” бр. 26/12).<br>Од страна на Општина Охрид (бр. 11-3598/2 од 17.08.2020) доставена е иницијатива за прогласување на Студенчишко Блато со Одлука (бр. 08-6482/20 од 30.07.2020) за предлагање прогласување на заштитено подрачје Студенчишко Блато во категорија-Парк на природа и Студија за валоризација на Студенчишко Блато ( бр. 11-3598/1 од 17.08.2020).<br><br>Од страна на Национален совет за заштита на природата, кој е формиран во согласност со Законот за заштита на природата добиено е позитивно мислење по однос на предлогот за прогласување на заштитено подрачје IV Студенчишко Блато во категорија Парк на природа.<br><br>Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1.2 Категорија на заштита | природата е изготвен врз основа на наведената Студија и согласно Законот за заштита на природата, кој е lex specialis за дејноста заштита на природата.<br><br>Законите за прогласување на заштитени подрачја имаат своја структура, па тоа важи и за Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата. Со Нацрт-Законот за прогласување се пропишуваат, категоријата на заштита, надворешните граници, режимот на заштита, односно типовите на зони, се назначува управувач на заштитеното подрачје со негови должности. Во конкретниот случај се работи за нацрт-закон исклучиво за прогласување на заштитено подрачје. Интегралната заштита се обезбедува во согласност со Законот за заштита на природата, Законот за животната средина, Законот за води и др. Законот за заштита на природата пропишува дека врз заштитата на природата се применуваат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | и одредбите од другите закони кои се однесуваат на заштитата на природата.<br>За Студенчишко Блато најдобра опција е што е можно побрзо да се прогласи за заштитено подрачје со да се определи субјект за управување кој ќе се грижи за заштита и зашувување на заштитеното подрачје и преземање на активности за негова итна ревитализација.<br><br>1.2 Категорија IV на заштитено подрачје- Парк на природа вклучува подрачје кое поседува еден или повеќе изворни, ретки и карактеристични компоненти на природата и може да биде ботанички, зоолошки, геолошки, геоморфолошки и хидролошки. Генерално според упаство на ИУЦН во оваа категорија се вклучуваат мали локалитети за кои е потребно спроведување на мерки за реставрација и рехабилитација на екосистемите и живеалиштата, што е случај со Студенчишко Блато.<br>Потребно е поскоро да се донесе Законот за прогласување на Студенчишко Блато за да престане процесот на понатамошно деградирање на просторот и да отпочне |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | процес на негово ревитализирање и соодветна заштита.<br><br>Согласно Упаство на ИУЦН подрачјето кое се назначува за парк на природа треба да игра важна улога во заштитата на природата и за опстанок на видовите (вклучувајќи и такви подрачја како што се мочуришта, пасишта, шуми, делти на реки, локалитети каде одредени видови се мрестат, пасишта и други специфични живеалишта кои создаваат услови за опстанок на видовите). Подрачјето треба да биде такво коешто обезбедува опстанок на национално значајни видови на флора и фауна или пак претставуваат места за миграторни видови.<br><br>Во текот на последните десет години, период од подготовка на првата Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2009-2010) до периодот кога се подготвуваше втората Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2019-2020) констатирани се видни промени во однос на хидролошката кондиција на Блатото, но и во однос на кондицијата на живеалиштата и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **1.3 Границите на идното заштитено подрачје Студенчишко Блато се утврдени исклучиво административно, воопшто не земајќи ја во вид причината за ставање на истото под заштита ниту целите за негова заштита.** | видовата популација, што беше пресудно за промена на категоријата на заштита, односно е предлозжена категорија IV-Парк на природа кое соодветствува на реалните состојби.<br><br>Од друга страна согласно Законот за заштита на природата, кој е усогласен со стандардите на ИУЦН за категоризација на заштитените подрачја во категорија III - Споменик на природа се опфатени повеќе природни вредности: езера, реки, клисури, водопади, извори, пештери, формации на карпи, геолошки профили, минерали и кристали, фосили, ретки или автохтони дрвја и грмушки кои се одликуваат со голема старост и специфични хабитуелни карактеристики, како и ограничени мали подрачја на ендемски и ретки животински или растителни заедници значајни по својата научна вредност.<br><br>Сепак постои разлика во однос на природните вредности што ги поседува Споменик на природа Охридско Езеро и Студенчишко Блато и затоа истото е ставено во категорија IV Парк на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **1.4 Законот не е изработен согласно насоките за интегрирана заштита на подрачјето дадени во студијата за валоризација и го занемарува принципот на инклузивност.**<br><br>**1.5 Проширување на границите на заштитеното подрачје Студенчишко** | природа, со тек на времето со порцесите на ревиталзиацијa на блатото може да се подобри неговата неговата природна вредност.<br><br>1.3 Владата ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата Парк на природа како и од страна на Национален совет за заштита на природата, кој е формиран во согласност со Законот за заштита на природата добиено е позитивно мислење по однос на предлогот за прогласување на заштитено подрачје IV Студенчишко Блато во категорија Парк на природа вклучувајќи ги границите и зоните.<br>МЖСПП предлага поскоро да се донесе Законот за прогласување на Студенчишко Блато со предложените граници и зонирање за да престане процесот на понатамошно деградирање на просторот и да отпочне процес на негово ревитализирање и соодветна заштита. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Блато согласно границите на Рамсар подрачјето Охридско Езеро.**<br><br><br><br><br><br><br><br>**1.6 Зонирање на заштитеното подрачје Студенчишко Блато** | 1.4 Во согласност со член 92 став (5) од Законот за заштита на природата заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето. Во врска со горенаведеното за оправданоста од прогласувањето на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје изработена е Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020). Студијата е изработена во согласност со одредбите на Законот за заштита на природата и Правилникот за содржина на студијата за валоризација или ревалоризација на защтитено подрачје („Службен весник на Република Македонија” бр. 26/12). Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата е изготвен врз основа на наведената Студија и согласно Законот за заштита на природата, кој е lex specialis за дејноста заштита на природата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1.7 Управување и мониторинг | 1.5 Сугестиите, кои доаѓаат од страна на СОС Охрид во однос на усогласувањето на постојната студија за ревалоризација на Студенчишкото Блато со предлог границите на Рамсарското подрачје, не се прифаќаат, со оглед на фактот што подрачјата кои влегуваат во Рамсарското подрачје не ги задржале карактеристиките на блатен екосистем, ниту постои реална можност во догледно време да го постигнат тој статус.<br><br>1.6 Предложеното зонирање е направено врз основа на вистинските состојби во Блатото, идентификувани и констатирани врз основа на реални теренски истраги и набљудувања од страна на професионлани научници, вработени во Институтот за Биологија на Природно Математичкиот Факултет во Скопје и Хидробиолошкиот Завод од Скопје, кои се занимаваат со состојбите на биолошката разновидност и живеалиштата во Охридското Езеро и Студенчишкото Блато во текот на изминативе години и ги идентификуваат сите промени. Во текот на последните десет години, период од подготовка на првата Студија за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1.8 Дозволени активности | валоризација на Студенчишко Блато (2009-2010) до периодот кога се подготвуваше втората Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2019-2020), беа констатирани видни промени и во однос на хидролошката кондиција на Блатото, но и во однос на кондицијата на живеалиштата и видовата популација, што беше пресудно за промена на зонирањето, кое соодветствува на реалните состојби. Предложеното зонирање на Блатото (идното заштитено подрачје-Парк на природата) е само можност истото да се врати во некоја природна состојба (доколку се применат предложените мерки во Студијата), но никако не е статична состојба која нема во иднина да се промени. Тоа значи дека во моментот кога Студенчишко Блато ќе му бидат овозможени сите услови во целост да ги врши сите функции како еден блатен екосистем и ќе бидат елиминирани сите идентификувани притисоци односно ќе бидат имплементирани мерките и акциите од Планот за управување со Студенчишко Блато, кој ќе биде донесен после неговото прогласување со Закон, може да се направи нова валоризација/ревалоризација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | (процедура, дефинирана во Законот за заштита на природата) и доколку констатираните состојби го потврдуваат тоа (аргументирано и потврдено со нови научни истраги) да се направи промена на зонирањето и евентуално да се промени категоријата на заштитеното подрачје.<br><br>1.7 Согласно член 135-а од Законот за заштита на природата заради ефикасно управување со заштитеното подрачје субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје во рок од три месеци од неговото назначување формира: совет на засегнати страни и научен совет, како консултативни тела на субјектот. Со член 9 од Нацрт-Законот е предвидено општина Охрид како управувач со заштитеното подрачје да формира совет на засегнати страни и научен совет.<br>Согласно член 108 од Законот за заштита на природта непосредната заштита на заштитените подрачја ја спроведува чуварска служба основана од субјектите за управување кои се задолжени за вршење на работите на управувањето со заштитените подрачја. Со член 11 од Нацрт-Законот за прогласување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Студенчишко Блато за парк на природата непосредната заштита на Парк на природата Студенчишко Блато е назначено да ја спроведува чуварска служба, формирана од општина Охрид<br><br>1.8 Дозволените и забранетите активности во зоните бидат дефинирани со Планот за управување и сите други активности кои се приоритет за Студенчишко Блато. Планот за управување ќе биде донесен на транспарентен начин со учество на јавноста и засегнатите страни и одржување на јавна расправа. Планот за управување ќе биде донесен по прогласувањето на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV Парк на природата. Планот за управување ќе биде изготвен во согласност со Законот за заштита на природата и Правилникот за содржина на планови за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата (Службен весник на РМ бр.26/12) |
| **2.** | **Фронт 21/42** | **2.1 Во предложениот текст недостасува поврзување на законот со меѓународната заштита на подрачјето** | 2.1 Законите за прогласување на заштитени подрачја имаат своја структура, па тоа важи и за Нацрт на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **2.2 Предложеното зонирање не обезбедува ефикасна заштита од идентификуваните закани и се базира на неиздржана рационализација и недостасува воспоставување на заштитен појас околу Блатото** | Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата. Со Нацрт-Законот за прогласување се пропишуваат, категоријата на заштита, надворешните граници, режимот на заштита, односно типовите на зони, се назначува управувач на заштитеното подрачје со негови должности. Во конкретниот случај се работи за Нацрт-Закон исклучиво за прогласување на заштитено подрачје. Меѓународната заштита на подрачјето се обезбедува во согласност со Законот за заштита на природата, кој како lex specialis од областа на заштитата на природата пропишува дека врз заштитата на природата се применуваат и одредбите од другите закони кои се однесуваат на заштитата на природата.<br><br>2.2 Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа надворешните предлог граници и предложеното зонирање во Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020) и не се сложува со било какво проширување на зоните. Исто така |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | поскоро да се донесе Законот за прогласување на Студенчишко Блато со предложените граници и зонирање за да престане процесот на понатамошно деградирање на просторот и да отпочне процес на негово ревитализирање и соодветна заштита.<br>Во согласност со член 92 став (5) од Законот за заштита на природата заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето. Во врска со горенаведеното за оправданоста од прогласувањето на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје изработена е Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2020). Студијата е изработена во согласност со одредбите на Законот за заштита на природата и Правилникот за содржина на студијата за валоризација или ревалоризација на защтитено подрачје („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/12)<br>Предложеното зонирање не е паушално, неаргументирано, ниту произволно. Истото е направено врз основа на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | вистинските состојби во Блатото, идентификувани и констатирани врз основа на реални теренски истраги и набљудувања од страна на професионлани научници, вработени во Институтот за Биологија на Природно Математичкиот Факултет во Скопје и Хидробиолошкиот Завод од Скопје, кои се занимаваат со состојбите на биолошката разновидност и живеалиштата во Охридското Езеро и Студенчишкото Блато во текот на изминативе години и ги идентификуваат сите промени. Во текот на последните десет години, период од подготовка на првата Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2009-2010) до периодот кога се подготвуваше втората Студија за валоризација на Студенчишко Блато (2019-2020), беа констатирани видни промени и во однос на хидролошката кондиција на Блатото, но и во однос на кондицијата на живеалиштата и видовата популација, што беше пресудно за промена на зонирањето, кое соодветствува на реалните состојби. Предложеното зонирање на Блатото (идното заштитено подрачје-Парк на природата) е само можност истото да се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **2.3 Општина Охрид нема капацитет за да биде управувачко тело со заштитеното подрачје парк на природата Студенчишко Блато.** | врати во некоја природна состојба (доколку се применат предложените мерки во Студијата), но никако не е статична состојба која нема во иднина да се промени. Тоа значи дека во моментот кога Студенчишко Блато ќе му бидат овозможени сите услови во целост да ги врши сите функции како еден блатен екосистем и ќе бидат елиминирани сите идентификувани притисоци односно ќе бидат имплементирани мерките и акциите од Планот за управување со Студенчишко Блато, кој ќе биде донесен после неговото прогласување со Закон, може да се направи нова валоризација/ревалоризација (процедура, дефинирана во Законот за заштита на природата) и доколку констатираните состојби го потврдуваат тоа (аргументирано и потврдено со нови истраги) да се направи промена на зонирањето и евентуално да се промени категоријата на заштитеното подрачје.<br>Воспоставување на заштитен појас во моментот околу Блатото нема да служи на предвидената функција на заштитен појас и наспроти ова потребно е побрзо да се донесе Законот за прогласување на Студенчишко Блато со предложеното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.4 Со Студенчишко Блато да не управува Општинса Охрид, бидејќи | зонирање, за да престане процесот на понатамошно деградирање на просторот и да отпочне процес на негово ревитализирање и соодветна заштита.<br><br>2.3 Согласно член 135-а од Законот за заштита на природата заради ефикасно управување со заштитеното подрачје субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје во рок од три месеци од неговото назначување формира: совет на засегнати страни и научен совет, како консултативни тела на субјектот. Со член 9 од Нацрт-Законот е предвидено општина Охрид како управувач со заштитеното подрачје да формира совет на засегнати страни и научен совет.<br>Согласно член 108 од Законот за заштита на природта непосредната заштита на заштитените подрачја ја спроведува шуварска служба основана од субјектите за управување кои се задолжени за вршење на работите на управувањето со заштитените подрачја. Со член 11 од Нацрт-Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата непосредната заштита на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **станува збор за едно рамсарско подрачје составено од експерти , согласно препорака на Постојниот комитет на Бернска конвенција**<br><br>**2.5 Нацрт-Законот да се достави на мислење до Центарот на УНЕСКО , Секретаријат на Рамсарската конвенција и ИУЦН заради оибезбедување на мислење и негово вградување во финалната верзија на законот.**<br><br>**2.6 Законот за Студенчишко Блато воопшто не ја воведува можноста за откуп или експропријација на приватното земјиште со што би се овозможила целосна обнова на блатното живеалиште на подрачјето** | Парк на природата Студенчишко Блато е назначено да ја спроведува чуварска служба, формирана од општина Охрид, МЖСПП во 2018 година склучи рамковен договор со Фондот за природа за Охрид – Преспа (ПОНТ), кој има за цел долгорочна поддршка за покривање на 50% од оперативните трошоци за управување со заштитени подрачја во прекуграничниот регион Охрид - Преспа. Оваа активност во наредниот период ќе биде имплементирана и во Охридскиот регион, со опфаќање и на Студеничко Блато. Идниот управувач со Студенчишко Блато, односно Општина Охрид и локалните чинители од страна на ПОНТ ќе бидат финансиски поддржани во напорите и активности за обезбедување на соодветно заштита и управување со ова заштитено подрачје.<br><br>2.4 Согласно Законот за заштита на природа е пропишано да се определи субјект за управување Во овој случај тоа е Општина Охрид.<br><br>2.5 Согласно Законот за заштита на природата не постои обврска да се консултираат меѓународни тела по однос на национална легислатива. Досега вакво барање не е поднесено од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | страна на било која засегната страна во постапка за прогласување на нови заштитени подрачја или репрогласување на заштитени подрачја и зачудува фактот што барате ваква процедура. Министерството за животна средина и просторно планирање работи транспарентно и за своите процедури ги известува сите засегнати страни на национално ниво и одржува редовни контакти и со меѓународни тела, секретаријати на конвенции од областа на заштита на природата.<br><br>2.6 Во член 116 од Законот за заштита на природата како што и вие наведувате е утврдена можноста за експропријација на имот на приватен сопственик заради заштита на природата во постапка за експропријација во согласност со закон.<br>Законите за прогласување на заштитени подрачја имаат своја структура, па тоа важи и за Нацрт на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата. Со Нацрт-Законот за прогласување се пропишуваат, категоријата на заштита, надворешните граници, режимот на заштита, односно типовите на зони, се назначува управувач на заштитеното подрачје со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | негови должности. Во конкретниот случај се работи за Нацрт-Закон исклучиво за прогласување на заштитено подрачје. |
| 3. | **Барања на граѓани во врска со Предлог Законот за прогласување на Студенчишкото Блато за Парк на природата** | **3.1 Го поддржуваме овој предлог закон, ние сме загрижени и за нашите права и економски просперитет поради заземањето на нашите имоти во границите на заштитеното подрачје. Разбираме дека ќе има План за управување со кој ќе се дефинираат дозволените и ограничените активности во Зоната на Строга Заштита, Зоната на Активно Управување и Зоната на Одржливо Користење. Повеќето од приватни имоти спаѓаат во третата зона или Зона на одржливо користење**. | 3.1 При координативните состаноци на МЖСПП со преставник на мнозинство на сопствениците на имоти во границите на идното заштитено подрачје Студенчишко Блато и на јавната расправа беше потврдено дека во текот на изработката на Планот за управување, кој ќе биде транспарентен процес ќе бидат вклучени засегнатите страни, помеѓу кои и сопствениците на приватни имоти и ќе бидат дефинирани дозволените и забранетите активности по зони, а со тоа и за зоната за одржливо користење. Законот за заштита на природата не го пропишува правото на користење на приватните имот, кои во предметниот случај се во зоната за одржливо користење. Со Решението за привремена заштита на Студенчишко Блато (Службен весник на РСМ бр.164/21) се воспоставени многу построги мерки за заштита и органичувања во однос на Студенчишко Блато. Со донесување на Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата ќе се воспостават трите зони |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | кои имаат различен степен на заштита, со што ќе се овозможи заштитата на природните вредности. Со планот за управување ќе се дефинираат дозволените и забранети активности по зони. Затоа е потребно да се поддржи донесување на Законот за прогласување на Студенчишко Блато.<br>Планот за управување ќе биде изготвен по прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во согласност со Правилникот за содржина на планови за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата. Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата има своја структура, која опаќа граници, зони и треба да даде образложение зошто едно подрачје треба да биде прогласено за заштитено. Законот за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата произлегува од Законот за заштита на природата, кој е lex specialis и истиот дозволува примена на другите закони како што се Законот за животна средина, води, урбанистичко планирање и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 . | Министерство за економија – Сектор за минерални суровини | | **4.Позитивно мислење,** бидејќи Студенчишко Блато поседува геолошки и биолошки вредности како и живеалишта на разни видови кои се од национално значење а се со цел нивно зачувување. |
| 5. | Министерство за култура – Национална комисија за УНЕСКО | | **5.**Дописот е доставен од Мин. за култура до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион<br>**Позитивно мислење**, од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион од при што за текстот, Комисијата ќе достави дополнително свои мислења и сугестии со цел негово подобрување. |
| 6. | Национален совет за заштита на природата – претседател Насер Нуредини | | **6.Позитивно мислење,** согласно член 95 став 1 и член 146 од Законот за заштита на природата |
| 7. | Министерство за внатрешни работи | | **7.Позитвно мислење (со забелешки):**<br>- Во делот III Режим на заштита, во неколку членови кои се однесуваат на заштитени зони, во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Општина Охрид | | истите се наоѓа објект на Полициска станица за граничен надзор на Охридското Езеро и се укотвени, се чуваат пловни објекти во сопственист на МВР, при што министерството е дирекно засегнато;<br>- Во дел IV, Предони и завршни одредби, зборовите „Национален парк Шар Планина“ предлагаат да се заменат со зборовите „Парк на природата Студенчишко Блато“.<br><br>**8.Позитивно мислење,** во врска со соджината на нацрт Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата во рамките на своите надлежности нема забелешки по содржина на нацрт Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата. |
| 9. | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство | | Позитивно мислење (нема забелешки) |